**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина

**Бр.11-111/5**
**06.09.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП 1269/2 со намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, КО Мрзенци, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Мики Величковски преку полномошник ДГПТУ,,КЛИКО ГРАДБА,, дооел од с.Куклиш Струмица во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.59889) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-111/1 од 23.02.2024год., а изработена од ДГПТУ,,КЛИКО ГРАДБА,, дооел од с.Куклиш Струмица, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела и определување на површина за градба на КП 1269/2 со намена А1.5 – Куќи во состав на селски стопански двор, КО Мрзенци, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма со технички број 02/06.04-22 од јуни 2024год., изработена од ДГПТУ,,КЛИКО ГРАДБА,, дооел од с.Куклиш Струмица.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y08813 од јуни 2013 година и Решение бр. 15-4233/5 од 01.07.2013 издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-111/4 од 10.07.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање.

Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.09.06 14:51:31 +02'00'